

# ДАЛИ ГРАЃАНИТЕ ГИ ЧУВСТВУВААТ ПРИДОБИВКИТЕ ОД ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО?

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА,
СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ
НА ЖЕНИТЕ

Автор:
Дарко Антиќ

На годишно ниво, јавните здравствени установи во Република Македонија трошат голем дел од средствата од државниот буџет за нивното функционирање и за обезбедување здравствени услуги на корисниците (во периодот 2016-2017 година, оваа сума во просек изнесувала 4.226 милиони денари годишно). Средствата од државниот буџет се користат за покривање на различни трошоци, почнувајќи од трошоците потребни за нормално секојдневно функционирање (греење; телефонски и интернет сметки; купување работни униформи; канцелариски материјал и опрема; гориво за службени возила; обезбедување на имотот и на вработените; набавки на лекови; храна и пијалаци за болничките пациенти; резервни делови за опремата и возилата; редовно одржување на објектите, опремата и возилата; итн.), како и дополнителни трошоци кои може да бидат сомнителни и секогаш мора да бидат оправдани (набавка на возила; трошоци за сместување за вработените; реконструкција и реновирање на објекти; маркетинг услуги; видео снимање; ангажирање надворешни приватни компании за обезбедување одредени услуги, како што се обезбедување, хотелски услуги, авионски превоз, итн.).

Начинот на кој јавните здравствени установи и генерално другите јавни институции ги трошат буџетските средства е исклучително важен бидејќи тие трошат средства кои се собираат од граѓаните и од компаниите во форма на јавни давачки (задолжително здравствено осигурување, даноци и надоместоци).

Иако голем дел од средствата од нивните буџети и од државниот буџет ги трошат за обезбедување добра, услуги и работи, јавните здравствени установи се соочуваат со проблеми во испораката на здравствени услуги, додека граѓаните се соочуваат со тешкотии во остварувањето на нивното основно право на здравствена заштита.[1]

Како активности на кои отпаѓа голем дел од средствата, постапките за јавни набавки често се користат како можност за злоупотреба и за стекнување лична корист на лицата кои се вклучени во нивното спроведување или следење, без да се применуваат основните принципи за економичност, рационалност и ефикасност при трошењето на јавните средства.

Необезбедувањето информации или обезбедувањето парцијални информации за постапките за јавни набавки што ги спроведуваат јавните здравствени установи ја наведува јавноста да се сомнева во работата на овие институции и укажува на можно нерационално и неефикасно трошење на парите на граѓаните.

Затоа, од посебно значење е граѓаните да имаат информации за тоа како јавните здравствени установи управуваат со и ги трошат нивните пари, што ќе им овозможи да бараат отчетност од институциите за нивната работа.

[1] Проблемите со кои граѓаните се соочуваат при добивање пристап до јавни здравствени услуги се многубројни. Проблеми во однос на пристапот до здравствени услуги се забележуваат на сите нивоа на здравствена заштита (примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита). За повеќе информации, види ги другите публикации на ЕСЕ, достапни на следниов линк: http://www.esem.org.mk/index.php/biblioteka/site-publikacii-i-izdanija.html

Во 2016 година, Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ) почна да спроведува континуиран годишен мониторинг на постапките за јавни набавки што ги спроведуваат јавните здравствени установи за да ги идентификува проблемите во системот на јавни набавки и да даде препораки за подобрување на нивото на транспарентност за јавните набавки во јавното здравство. Целта е да се максимизира ефикасноста и ефективноста при реализацијата на јавните набавки, да се максимизира квалитетот на услугите што ги обезбедуваат јавните здравствени установи, да се максимизираат ефектите од користењето на парите на граѓаните за обезбедување јавни здравствени услуги, и да им се помогне на граѓаните да добијат пристап до здравствена заштита.

# ПРЕПОРАКИ

- Министерството за здравство и јавните здравствени установи да ја зголемат ефикасноста на постапките за јавни набавки преку воведување независни механизми за мониторинг (граѓански организации, граѓани, експерти, итн.) и преку спроведување независна оценка за сите поединечни постапки, со цел да го намалат трошокот на постапките и да гарантираат дека граѓаните имаат пристап до обезбедените добра, услуги и работи.

- Владата и Министерството за здравство да ги ревидираат постапките за набавки на "работи" спроведени во 2016 и 2017 година, за да ги утврдат причините за повисоките цени што се плаќаат во споредба со другите договори и да преземат мерки за намалување на цените на јавните работи.

- Владата и Министерството за здравство да ги ревидираат постапките за јавни набавки што ги спровеле здравствените домови, за да ги утврдат причините за практиките на склучување договори во вредност повисока од проценетата вредност на набавката и да се санкционираат институциите што ја применуваат оваа практика. Врз основа на оваа оценка, Владата и Министерството за здравство да преземат мерки за да гарантираат дека јавните здравствени установи нема да склучуваат договори во вредност повисока од проценетата вредност.

- Министерството за здравство и Бирото за јавни набавки да преземат мерки за да го подобрат нивото на транспарентност меѓу институциите од јавното здравство, и/или да гарантираат дека сите информации се јавно достапни, посебно информациите за проценетата вредност на набавката со вклучен ДДВ и изворот на средства за реализација на набавката. Дополнително, да се преземат мерки за идентификување на бариерите со кои се соочува Здравствениот дом Охрид при објавување податоци за постапките за јавни набавки, и да се осигури дека оваа здравствена установа ќе ги објави сите информации поврзани со ваквите постапки.

- Бирото за јавни набавки да работи на подобрување на нивото на транспарентност на Министерството на здравство (да ја објавува проценетата вредност на договорите со вклучен ДДВ и изворот на средствата); Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство (да ја објавува проценетата вредност на договорите со вклучен ДДВ, бројот на пристигнати понуди, вредноста на склучените договори, избраната компанија и изворот на средствата); општите и клиничките болници (да ја објавуваат проценетата вредност на договорите со вклучен ДДВ, избраната компанија и изворот на средствата); здравствените домови (да ја објавуваат проценетата вредност на договорите со вклучен ДДВ, бројот на пристигнати понуди, вредноста на склучените договори, избраната компанија и изворот на средствата); центрите за

јавно здравје и Институтот за јавно здравје (да ја објавуваат проценетата вредност на договорите со вклучен ДДВ и изворот на средствата).

- Владата и Бирото за јавни набавки да ја истражат причината зошто 60% од договорите за јавни набавки склучени во 2016 и 2017 година се доделени на само 16 приватни компании и зошто 39% од сите средства за овие договори се исплатени на само три компании (*Авицена*, *Алкалоид* и *д-р Пановски*). Врз основа на истражувањето и со цел да ги намалат ризиците од злоупотреби на буџетските средства, Владата и Бирото за јавни набавки да преземат мерки за зголемување на конкурентноста меѓу компаниите во постапките за јавни набавки и за елиминирање на континуирани трансфери на средства кон неколку компании.

- Владата и Бирото за јавни набавки мора да ги образложат причините зошто јавните здравствени установи потрошиле повеќе од 39 милиони денари за набавка на патнички возила, угостителски услуги и авионски билети. Конкретно, тие мора да објаснат зошто Клиничката болница Битола набавила угостителски услуги (од хотел *Премиер*); зошто Општата болница Струмица набавила услуги за хотелско сместување (од *ФАТ-КОМЕРЦ ДООЕЛ*, компанија која е затворена една година по набавката); за која цел Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство набавила авионски билети; и за кои цели јавните здравствени установи набавиле возила. Владата и Бирото за јавни набавки мора да воспостават практика за објавување на детални и прецизни образложенија за потребата од јавната набавка заедно со другата документација поврзана со постапките за јавни набавки.

# ВОВЕД

Наодите презентирани во овој документ се засноваат на анализа на податоци од вкупно 9.696 постапки за јавни набавки што биле спроведени во рамки на 3.136 проекти од страна на 62 јавни здравствени установи[2] во Република Македонија. Притоа, 32 од вкупно 62-те мониторирани јавни здравствени установи се примарни здравствени домови кои спровеле 3.631 постапки за јавни набавки, 11 се центри за јавно здравје и Институтот за јавно здравје, кои спровеле 1.532 постапки за јавни набавки, 16 се општи и клинички болници кои спровеле 4.082 постапки за јавни набавки, една е Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство која спровела 312 постапки за јавни набавки и Министерството за здравство кое спровело 139 постапки за јавни набавки. Здравствениот дом Охрид не е опфатен во оваа анализа бидејќи оваа институција не објавила никакви информации за нејзините постапки за јавни набавки во 2016 и 2017 година. Дополнително, пет постапки (четири спроведени од Општата болница „8-ми Септември“ и една од Општата болница „Ферид Мурад“ Гостивар) не се вклучени во анализата бидејќи истите беа поништени. Исто така, од анализата се исклучени и дополнителни 37 постапки за јавни набавки за кои институциите не ја навеле вредноста на склучениот договорот во Електронскиот систем за јавни набавки.[3]

Документот обезбедува информации за **начинот и намената на јавните средства што јавното здравство ги потрошило преку постапки за јавни набавки; нивото на транспарентност при спроведување на постапките за јавни набавки; како се трошат буџетски средства и кој има најголема корист од постапките за јавни набавки во јавното здравство; за кои цели јавните здравствени установи трошат најголем дел од средствата и колку од тие трошоци се оправдани.**

## I. НА КОЈ НАЧИН И ЗА КОЈА НАМЕНА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ГИ ТРОШАТ ПАРИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ ПРЕКУ ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ?

Во текот на анализираниот период од две години, јавните здравствени установи потрошиле повеќе од 8 милијади денари на речиси 10 илјади проекти. Договорите склучени за работи изнесуваат помалку од 1% од вкупниот број на склучени договори (214 милиони денари), додека договорите за набавка на стоки

---

[2] Институциите опфатени со оваа анализа се јавни здравствени установи кои спорачуваат превентивни здравствени услуги за жени, деца и Роми, и кои се поклопуваат со превентивните здравствени програми што се во фокусот на мониторингот што го спроведува ЕСЕ.

[3] Четири постапки спроведени од Здравствениот дом Дебар, две од Институтот за јавно здравје, две од Здравствениот дом Радовиш, пет од Здравствениот дом Гевгелија, две од Здравствениот дом Струмица, една од Здравствениот дом Кочани, три од Здравствениот дом Кратово, една од Здравствениот дом Крушево, една од Здравствениот дом Битола, една од Здравствениот дом Кавадарци, две од Општата болница Кичево, една од Општата болница Охрид и четири од Општата болница „8-ми Септември“.

имаат удел од 85% во вкупниот број на договори (7.488 милиони денари) (види Табела 1). Договорите поврзани со набавка на стоки за општите болници и клиничките болници, како и за здравствените домови, имаат удел од 79% во вкупниот број на сите договори за јавни набавки во 2016 и 2017 година (види Табела 1). Иако Министерството за здравство има склучено мал број договори, вкупната вредност на овие договори изнесува 27%[4] од вредноста на сите договори и е повисока во споредба со кој било друг вид на здравствени установи, со исклучок на општите болници и клиничките болници, чијшто удел изнесува 49% (види Табела 1).

| Вид на институција | Работи | | Стоки | | Услуги | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на договори | Вредност на договорите (мил. МКД) | Број на договори | Вредност на договорите (мил. МКД) | Бр. на договори | Вредност на договорите (мил. МКД) | Број на договори | Вредност на договорите (мил. МКД) |
| **Општи и клинички болници** | 28 | 62 | 3.436 | 3.543 | 618 | 498 | **4.082** | **4.104** |
| **Министерство за здравство** | 4 | 92 | 94 | 2.145 | 41 | 72 | **139** | **2,308** |
| **Здравствени домови** | 29 | 56 | 3.079 | 1.045 | 523 | 115 | **3.631** | **1.216** |
| **Центри за јавно здравје и Институтот за јавно здравје** | 0 | 0 | 1.397 | 480 | 135 | 41 | **1.532** | **521** |
| **Универзитетска клиника за гинекологија** | 2 | 4 | 271 | 274 | 39 | 25 | **312** | **303** |
| ВКУПНО: | **63** | **214** | **8.277** | **7.488** | **1.356** | **750** | **9.696** | **8.452** |

***Табела 1:*** *Број и вредност на договорите според вид на здравствени установи и според вид на договор, за периодот 2016-2017 година*

Просечната вредност на еден договор во 2016 и 2017 година изнесува речиси 1 милион денари, додека договорите за работи имаат највисока просечна вредност од 3 милиони денари или 2,5 милиони денари повеќе од просекот за сите договори. Министерството за здравство има највисока просечна вредност на договор за сите видови договори, која изнесува 17 милиони денари и истата е многу повисока од просекот (види Табела 2).

[4] Министерството за здравство спроведува централизирани набавки за одредени лекови, опрема, итн., со цел да се обезбеди економија на обем.

| Вид на институција | Работи | Стоки | Услуги | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **Општи и клинички болници** | 2,22 | 1,03 | 0,81 | 1,01 |
| **Министерство за здравство** | 22,90 | 22,82 | 1,75 | 16,61 |
| **Здравствени домови** | 1,92 | 0,34 | 0,22 | 0,33 |
| **Центри за јавно здравје и Институт за јавно здравје** | - | 0,34 | 0,30 | 0,34 |
| **Универзитетска клиника за гинекологија** | 2,09 | 1,01 | 0,64 | 0,97 |
| **ВКУПНО:** | **3,39** | **0,90** | **0,55** | **0,87** |

***Табела 2:*** *Просечна вредност на договорите според вид на здравствена установа и според вид на договор, во милиони денари*

Податоците дадени во табелата подолу покажуваат дека реалната вредност на склучените договори е малку пониска од проценетата вредност на набавките без вклучен ДДВ, иако реалната вредност е пресметана со вклучен ДДВ. Во Македонија, највисоката стапка на данокот на додадена вредност (ДДВ) е 18%, па така само во случајот на здравствените домови вредноста на склучените договори е очигледно повисока од проценетата вредност на набавка за 19%.

| Вид на институција | Проценета вредност, без ДДВ | Вредност на склучените договори | Процент |
|---|---|---|---|
| **Општи и клинички болници** | 3.978 | 4.089 | 103% |
| **Министерство за здравство** | 2.694 | 2.308 | 86% |
| **Здравствени домови** | 1.022 | 1.216 | 119% |
| **Центри за јавно здравство и Институтот за јавно здравство** | 577 | 516 | 89% |
| **Универзитетска клиника за гинекологија** | 307 | 302 | 98% |
| **Вкупно** | **8.578** | **8.430** | **98%** |

***Табела 3:*** *Реалната вредност на договорите наспроти проценетата вредност без ДДВ, во милиони денари*

## II. КОЕ Е НИВОТО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ МЕЃУ ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ?

Севкупните резултати од оценката на нивото на транспарентност за сите 62 мониторирани институции во однос на објавувањето информации за предметот на јавните набавки (проценета вредност на јавната набавка без ДДВ, вредноста на јавната набавка со ДДВ, бројот на пристигнати понуди, вредноста на склучениот договор за јавна набавка, избраната компанија и изворот на средства за реализација на договорот) покажува дека генерално сите институции објавуваат голем дел од информациите (во просек 84% од информациите се јавно достапни). Сепак, 62-те мониторирани институции обезбедиле ограничени или не обезбедиле информации за проценетата вредност на набавките без ДДВ и изворот на средства за реализација на набавката. Дополнително, институциите понекогаш не објавуваат информации за бројот на пристигнати понуди, вредноста на склучениот договорот за набавката и избраната компанија за реализација на предметот на набавката за сите постапки што ги спровеле (ова е најизразено како проблем во случајот на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство и здравствените домови). Сите мониторирани институции го објавуваат предметот на набавката и проценетата вредност без ДДВ за сите постапки за јавни набавки што беа предмет на мониторинг.

Севкупната оценка за нивото на транспарентност покажува дека јавните здравствени установи треба да работат на подобрување на нивната транспарентност, додека Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство се оценува како институцијата со највисоко ниво на проактивна транспарентност споредено со другите институции опфатени со оваа анализа (во просек 89% од информациите за спроведените постапки за јавни набавки се јавно достапни) во однос на нивните постапки за јавни набавки. Спротивно на тоа, центрите за јавно здравство и Институтот за јавно здравство се оценети како институциите со најниско ниво на проактивна транспарентност (во просек 76% од информациите за спроведените постапки за јавни набавки се јавно достапни).

| Предмет на оценка | Министерство за здравство | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | Општи и клинички болници | Здравствени домови | Центри за јавно здравје и Институтот за јавно здравје |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предмет на набавка** | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| **Проценета вредност на набавката без ДДВ** | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| **Проценета вредност на набавката со вклучен ДДВ** | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| **Број на пристигнати понуди** | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| **Вредност на склучениот договор за набавката** | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| **Компанија избрана како добавувач** | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| **Извор на средства за реализација на предметот на набавката** | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| **Просечна оценка** | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |

***Табела 4***: *Ниво на транспарентност при спроведување на постапките за јавни набавки меѓу јавните здравствени установи, според категорија на информации*

## III. КАКО СЕ ТРОШАТ БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА И КОЈ ИМА НАЈГОЛЕМА КОРИСТ ОД ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО?

Најголем број постапки за јавни набавки се спроведени во месеците март и април (2.031 постапки или 21% од вкупниот број на спроведени постапки) или три месеци по почетокот на фискалната година, како и во месеците август и ноември (1.882 постапки или 19% од вкупниот број на спроведени постапки), односно неколку месеци пред крајот на фискалната година (види Графикон 1).




***Графикон број 1****: Број на постапки за јавни набавки што ги спровеле одделни здравствени установи, според периодот на реализација*

Шеснаесет (16) приватни компании од околу 1.000 компании биле избрани за испорака на услуги, добра или работи за мониторираните јавни здравствени установи, и секоја од нив добила по повеќе од 100 милиони денари од државниот буџет во период од две години преку постапки за јавни набавки. Конкретно, овие 16 компании заработиле 5.086 милиони денари или 60% од вкупната вредност на склучените договори (види Табела 5).

Компаниите *Алкалоид* (42%), *Авицена* (33%) и *д-р Пановски* (24%) заработиле 39% од средствата исплатени од државниот буџет кон 16-те приватни компании со највисоки приходи од постапките за јавни набавки во јавното здравство, додека *Зегин*, *Биотек*, *Елбијор*, *Фарма трејд*, *Македонија лек*, *Феникс фарма*, *Пуцко петрол*, *Фармас МН*, *Медекс фарм*, *Синерџи медикал* и *Комед* исто така добиле значаен износ на средства од државниот буџет во 2016 и 2017 година (види Табела 5).

| Име на компанија | Вкупен износ на средства |
|---|---|
| **АЛКАЛОИД** | 844.345.430 |
| **Друштво за промет и услуги АВИЦЕНА ДОО експорт-импорт Скопје** | 653.371.374 |
| **Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал, промет и услуги Д-Р ПАНОВСКИ Скопје** | 486.782.130 |
| **Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје** | 483.127.786 |
| **Друштво за промет и услуги БИОТЕК ДОО експорт-импорт Скопје** | 341.593.601 |
| **Друштво за производство и промет на хемиски и козметички производи ЕЛБИЈОР ДОО увоз-извоз Скопје** | 325.376.422 |
| **Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** | 319.187.482 |
| **Друштво за трговија, производство и услуги ПРОМЕДИКА ДОО Скопје** | 264.769.364 |
| **Друштво за промет МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО Скопје** | 248.113.156 |
| **Друштво за трговија, производство и услуги ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје** | 226.984.757 |
| **Друштво за трговија МАКПЕТРОЛ ПРОМ - ГАС ДООЕЛ Скопје** | 218.742.494 |
| **Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с. Пласница, Пласница** | 161.048.739 |
| **Друштво за промет и услуги ФАРМАС МН ДООЕЛ Скопје** | 158.736.487 |
| **Друштво за внатрешна и надворешна трговија,застапување и услуги МЕДЕКС ФАРМ ДООЕЛ Скопје** | 128.581.903 |
| **Друштво за производство, трговија и услуги СИНЕРЏИ МЕДИКАЛ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје** | 116.994.300 |
| **Друштво за трговија и услуги КОМЕД увоз-извоз ДООЕЛ Скопје** | 108.100.867 |

***Табела 5****: Список на компании кои добиле највисок износ на средства преку постапките за јавни набавки спроведени во јавното здравство, за периодот 2016-2017 година*

Во 2016 и 2017 година, Владата потрошила 3.283 милиони денари на 84 постапки за јавни набавки со индивидуална вредност поголема од 10 милиони денари. Околу 615 милиони денари биле потрошени на три постапки за јавни набавки и истите биле доделени на три приватни компании, односно *ЗЕГИН*, *ЕЛБИЈОР* и *Д-Р ПАНОВСКИ* (види Табела 6).

| Име на компанија | Вкупен износ на средства добиени преку јавни набавки повисок од 10 милиони денари | Број на склучени договори | Просечна вредност на склучените договори |
|---|---|---|---|
| **Друштво за промет и услуги АЛКАЛОИД КОНС увоз-извоз ДООЕЛ Скопје** | 492.432.218 | 11 | 44.766.565 |
| **Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје** | 436.889.604 | 2 | 218.444.802 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Друштво за промет и услуги АВИЦЕНА ДОО експорт-импорт Скопје** | 387.945.845 | 18 | 21.552.547 |
| **Друштво за производство и промет на хемиски и козметички производи ЕЛБИЈОР ДОО увоз-извоз Скопје** | 299.219.736 | 2 | 149.609.868 |
| **Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** | 252.956.565 | 2 | 126.478.282 |
| **Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал, промет и услуги Д-Р ПАНОВСКИ Скопје** | 247.304.110 | 1 | 247.304.110 |
| **Друштво за трговија МАКПЕТРОЛ ПРОМ - ГАС ДООЕЛ Скопје** | 155.808.544 | 4 | 38.952.136 |
| **Друштво за промет и услуги ФАРМАС МН ДООЕЛ Скопје** | 141.625.134 | 1 | 141.625.134 |
| **Друштво за промет МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО Скопје** | 79.988.238 | 3 | 26.662.746 |
| **Друштво за производство, трговија, услуги и сервисирање ЕКСПЕКТА МЕДИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** | 60.180.000 | 1 | 60.180.000 |
| **Друштво за трговија, производство и услуги ПРОМЕДИКА ДОО Скопје** | 57.821.548 | 3 | 19.273.849 |
| **Друштво за производство, трговија и услуги СИНЕРЏИ МЕДИКАЛ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје** | 51.280.916 | 3 | 17.093.639 |
| **Друштво за трговија и услуги КУБИС МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје** | 49.548.200 | 1 | 49.548.200 |
| **Производно трговско друштво ДРВО-ПРОМ ДООЕЛ с. Мородвис Зрновци** | 46.254.218 | 1 | 46.254.218 |
| **Друштво за производство, градежништво, трговија и угостителски услуги АК-ИНВЕСТ, AK-INVEST ДООЕЛ експорт-импорт Тетово** | 44.982.291 | 1 | 44.982.291 |
| **Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД Скопје** | 43.634.514 | 1 | 43.634.514 |
| **Друштво за трговија, производство и услуги ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје** | 42.513.720 | 3 | 14.171.240 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с. Пласница, Пласница** | 42.401.340 | 3 | 14.133.780 |
| **Друштво за внатрешна и надворешна трговија,застапување и услуги МЕДЕКС ФАРМ ДООЕЛ Скопје** | 28.268.349 | 1 | 28.268.349 |
| **СОЛАРПРО ХОЛДИНГ АД Софија Р. Бугарија - подружница во Република Македонија** | 27.586.981 | 2 | 13.793.491 |
| **ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво - Скопје** | 27.226.164 | 2 | 13.613.082 |
| **Друштво за лизинг ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје** | 25.999.391 | 1 | 25.999.391 |
| **Друштво за производство, трговија, промет и услуги КМГ ЕОЛ КВАЗАР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** | 22.302.766 | 1 | 22.302.766 |
| **Друштво за градежништво ИЗГРЕВ ИНЖЕЊЕРИНГ ДООЕЛ Велес** | 20.988.028 | 1 | 20.988.028 |
| **Друштво за производство и услуги НЕТ-ЕЛЕКТРОНИКС Владимир ДООЕЛ Скопје** | 20.862.164 | 2 | 10.431.082 |
| **Друштво за промет и услуги АВИЦЕНА ДОО експорт-импорт Скопје** | 18.432.001 | 1 | 18.432.001 |
| **Друштво за трговија и услуги КОМЕД увоз-извоз ДООЕЛ Скопје** | 16.518.466 | 1 | 16.518.466 |
| **Друштво за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС ЕДС ДОО Скопје** | 16.000.000 | 1 | 16.000.000 |
| **Друштво за производство трговија транспорт и услуги ЕУРО ИНВЕСТ-ИНГ ДОО експорт-импорт Тетово** | 15.339.041 | 1 | 15.339.041 |
| **ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ Скопје, Друштво за снабдување со електрична енергија** | 15.000.000 | 1 | 15.000.000 |
| **Друштво за производство, трговија и услуги ГИПС ИМОБИЛИА ДИЗАЈН ДОО увоз-извоз Скопје** | 14.454.338 | 1 | 14.454.338 |
| **Друштво за промет и услуги БИОТЕК ДОО експорт-импорт Скопје** | 13.483.783 | 1 | 13.483.783 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Друштво за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДОО увоз-извоз Скопје** | 12.236.678 | 1 | 12.236.678 |
| **Друштво за производство, трговија и услуги СЕКТРОН ДОО Скопје** | 11.782.300 | 1 | 11.782.300 |
| **Друштво за производство, трговија и услуги СПС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** | 11.612.557 | 1 | 11.612.557 |
| **Производно трговско друштво БИО МЕДИКА ДООЕЛ Скопје** | 11.367.294 | 1 | 11.367.294 |
| **Друштво за производство,услуги и трговија ЛИТИ-ФАРМ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје** | 10.644.780 | 1 | 10.644.780 |
| **Трговско друштво за трговија ПЕТРОЛ Перо,Милан,Златко и Слободан ДОО Охрид** | 10.106.720 | 1 | 10.106.720 |
| **ВКУПНО:** | **3.282.998.542** | **84** | |

***Табела 6****: Список на постапки за јавни набавки во вредност поголема од 10 милиони денари, според компанија, за периодот 2016-2017 година*

Од вкупно 84 постапки за јавни набавки со индивидуална вредност поголема од 10 милиони денари, 41 постапка биле спроведени од општи и клинички болници (645 милиони денари), 22 постапки од Министерството за здравство (2.179 милиони денари), 15 постапки од здравствените домови (347 милиони денари), три постапки од Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство (64 милиони денари), и три постапки биле спроведени од центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје (47 милиони денари).

Општата болница „8-ми Септември“ и Клиничката болница Тетово ги склучиле трите најскапи договори за јавни набавки во периодот 2016-2017 година. Конкретно, во јуни 2016 година, Општата болница „8-ми Септември“ склучила договор за набавка на филтер картрици и корпи за стерилизација со компанијата *АВИЦЕНА ДОО Скопје* во износ од 35 милиони денари, додека во мај 2017 година склучила договор со истата компанија во износ од 25 милиони денари за набавка на медицински средства, реагенси, тестови и потрошен материјал. Во ноември 2017 година, Клиничката болница Тетово склучила договор со *МАКПЕТРОЛ ГАС* за набавка на природен гас во износ од 26 милиони денари. Само овие три договори заедно претставуваат 2% од вкупната вредност на договорите склучени во анализираниот период од страна на сите 62 здравствени установи.

66% од вкупните средства потрошени од Министерството за здравство (1.530 милиони денари од вкупно 2.308 милиони денари) во периодот 2016-2017 година преку постапки за јавни набавки отпаѓаат на договори чијашто

индивидуална вредност е поголема од 10 милиони денари и најголем дел од нив (92%) биле доделени на шест приватни компании. Компаниите кои имале најголеми придобивки од министерството се *ЗЕГИН ДОО* (426 милиони денари за набавка на инсулин, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, во времетраење од август 2016 година до август 2018 година), *ЕЛБИЈОР* (252 милиони денари за набавка на вакцини, во времетраење од јуни 2016 година до јуни 2018 година); *Д-Р ПАНОВСКИ* (247 милиони денари за набавка на инсулин, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, во времетраење од август 2016 година до август 2018 година); *ФАРМА ТРЕЈД ДООЕЛ* (242 милиони денари за набавка на инсулин, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, во времетраење од август 2016 година до август 2018 година); *АЛКАЛОИД КОНС* (222 милиони денари за набавка на лекови за пациенти со ретки болести); и *ФАРМАС МН ДООЕЛ* (15 милиони денари за набавка на инсулин, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, за времетраење од август 2016 година до август 2018 година).

Примарните здравствени домови потрошиле 29% од средствата исплатени преку постапки за јавни набавки за договори во индивидуална вредност поголема од 10 милиони денари. Најголемиот дел од овие договори (80%) биле склучени од Здравствениот дом Скопје. Најскапиот договор што го склучил Здравствениот дом Скопје е со компанијата *АВИЦЕНА* во вредност од 82 милиони денари за набавка на тестови, реагенси и медицински потрошен материјал за опрема за имунолошки анализи.

Центирте за јавно здравје  и Институтот за јавно здравје склучиле само три договори во индивидуална вредност поголема од 10 милиони денари (сите три се склучени од Центирот за јавно здравје Скопје) во анализираниот период. Ист е случајот и со Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство.

Вредноста на договорите склучени од Центирте за јавно здравје Скопје изнесува 47 милиони денари. 55% од вкупната вредност на овие три договори се однесува на набавка на возила од *ПОРШЕ ЛИЗИНГ*_(26 милиони денари). Преостанатите средства се доделени преку другите два договори за набавка на потрошни материјали за опремата во микробиолошката лабораторија, склучени со компанијата *АВИЦЕНА*.

Вкупната вредност на трите договори со индивидуална вредност поголема од 10 милиони денари што ги доделила Универзитетската изнесува 64 милиони денари. 42% од средствата за овие договори се однесуваат на набавка на тестови за пренатален скрининг, хормонски анализи и потрошен материјал за апаратот Immulite 200XPI од компанијата *АВИЦЕНА*.

## IV. ЗА КОИ НАМЕНИ ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ТРОШАТ НАЈМНОГУ СРЕДСТВА?

Најголемиот дел од вкупниот износ на средства што јавните здравствени установи ги потрошиле преку постапки за јавни набавки (8.452 милиони денари) биле искористени за набавка на лекови (36%), медицински уреди (31%), други услуги[5] (17%) и медицинска опрема (8%).
Во анализираниот период од две години, големи износи на средства биле потрошени и за реконструкција и одржување на објекти (225,09 милиони денари), што претставува 3% од вкупните средства потрошени преку постапки за јавни набавки. Исто така, треба да се забележи дека 2,5% од вкупните средства биле потрошени за набавка и сервисирање на возила (216,60 милиони денари).
Во 2016 и 2017 година, јавните здравствени установи потрошиле 1,01 милиони денари за службени патувања (види Табела 7).

| **Што е набавено?** | **Износ на потрошени средства според категорија на јавни здравствени установи, во милиони денари** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Општи и клинички болници** | **Министерство за здравство** | **Здравствени домови** | **Центри за јавно здравје и Институтот за јавно здравје** | **Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство** | **Вкупно** |
| **Возила и сервисирање на возила** | 59,59 | 8,04 | 103,27 | 44,65 | 1,04 | **216,60** |
| **Службени патувања и услуги** | 0,51 | 0 | 0 | 0 | 0,51 | **1,01** |
| **Реконструкција и одржување на објекти** | 89,09 | 97,13 | 36,77 | 1,19 | 0,91 | **225,09** |
| **Лекови** | 877,99 | 1.966,35 | 104,22 | 9,05 | 58,35 | **3.015,97** |
| **Медицинска опрема** | 493,36 | 39,01 | 122,56 | 30,22 | 15,82 | **700,98** |
| **Медицински уреди** | 1.553,49 | 6,52 | 563,44 | 357,77 | 171,26 | **2.652,48** |
| **Друга опрема** | 133,39 | 8,55 | 20,26 | 9,07 | 12,76 | **184,03** |
| **Други услуги** | 896,52 | 182,49 | 256,86 | 69,04 | 42,03 | **1.446,94** |

***Табела 7:*** *Видови набавки според категорија на здравствени установи, во милиони денари, за периодот 2016-2017 година*

[5] Категоријата „други услуги“ вклучува трошоци за секојдневното функционирање на јавните здравствени установи, со исклучок на медицинските набавки.

Според јавно објавените информации, во периодот 2016-2017 година само Општата болница Струмица (315.000 денари), Клиничката болница Битола (200.000 денари), и Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство (590.000 денари) трошеле средства за службени патувања.
За само една година, Општата болница Струмица потрошила повеќе од 250 илјади денари за хотелско сместување. Средствата биле исплатени на *ФАТ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Струмица*, компанија која била затворена во февруари 2018 година.
Клиничката болница Битола потрошила 250 илјади денари за угостителски услуги од компанијата *ЈА-СА ДООЕЛ Битола*, или конкретно од хотел *Премиер*.
Во 2016 и 2017 година, Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство потрошила половина милион денари за авионски билети. Билетите се однесуваат на авионски летови кон европски и интерконтинентални дестинации и се набавени за економска класа. Исплатата на средствата е направена до *АВИОТУРИСТ ТРАВЕЛ СЕРВИС ДООЕЛ Скопје*.

Во текот на 2016 и 2017 година, 18% од вкупните средства биле потрошени за набавка на возила и услуги за сервисирање на возила (38,92 милиони денари). Од оваа сума, 31,30 милиони денари биле искористени само за набавка на патнички возила. Компаниите кои имале најголема корист од ваквите постапки за јавни набавки се *ЕУРОИМПЕКС ДОО* (4,78 милиони денари) и *АУТОМОБИЛЕ СК* (3,89 милиони денари).

Финансиски поддржано од: